# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

## НА ОПШТИНА КОЧАНИ

| БРОЈ 11 | КОЧАНИ, 30 Август 2024 ГОДИНА | ИЗЛЕГУВА ПО ПОТРЕБА |
|---|---|---|


Врз основа на членот 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/2002), Градоначалникот на Општина Кочани, донесе

З А К Л У Ч О К
за објавување на актите донесени на седницата на Советот на Општина Кочани
одржана на 30.08.2024 година

I.

Ги објавувам актите донесени на седницата на Советот на Општина Кочани, одржана на 30.08.2024 година, и тоа:

1.Програма за изменување и дополнување на Програмата за култура на Општина Кочани за 2024 година, Бр.09-1372/1

2.Одлука за утврдување на работното време на ЈОУДГ „Павлина Велјанова“- Кочани, Бр.09-1368/1

3. Одлука за утврдување на цените на услугите што ги дава ЈОУДГ „Павлина Велјанова“ Кочани, износот на надоместокот на трошоците за престој во установа за деца што паѓа на товар на родителите и пресметувањето и наплата на надомест за време на отсуство на детето, Бр.09-1369/1

4.Заклучок за усвојување на извештаите за работењето на општинските основни училишта за учебната 2023 - 2024 година, Бр.09-1366/1

5.Заклучок за давање согласност за згрижување на поголем број на деца во воспитните групи во ЈОУДГ „Павлина Велјанова“- Кочани, Бр.09-1367/1

6.Заклучок за давање согласност на Годишниот план за вработување во СОУ „Љупчо Сантов“ – Кочани за 2025 година, Бр.09-1370/1

7.Заклучок за давање согласност за формирање паралелки со помал број ученици во општинските основни и средни училишта од општина Кочани за учебната 2024-2025 година, Бр.09-1371/1

II.

Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кочани“.

Бр. 08-1373/1
30.08.2024 година
К о ч а н и

Градоначалник
на Општина Кочани,
Љупчо Папазов

---

Врз основа на членот 36 став 1 точка 1 и точка 15 од од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 22 став (1),точка 5 од истиот Закон и членот 7 став 3 од Законот за културата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 31/1998; 49/2003; 82/2005; 24/2007; 116/2010; 47/2011; 51/2011; 136/2012; 23/2013; 187/2013; 44/2014; 61/2015; 154/2015, 39/2016 и 11/2018), Советот на Општина Кочани на седница одржана на 30.08.2024 година, донесе

ПРОГРАМА
за изменување и дополнување на Програмата за култура на Општина Кочани за 2024 година

I.

Во Pрограмата за култура на Општина Кочани за 2024, бр. 09-2208/1 од 15.12.2023 година, се вршат следниве измени:
1.1) „Денови на кочанскиот ориз“, се вршат следниве измени:
Износот на средства од „900.000 денари“ се менува и гласи „1.400.000 денари“.

Образложение:
1.1. Денови на кочанскиот ориз
Оваа традиционална манифестација во 2024 година ќе го доживее своето 33 издание и има за цел да го афирмира кочанскиот ориз преку главниот централен настан со традиционалното зажнејување на оризот, со презентација на традиционалната, рачна жетва на ориз на нивите во Кочанско, дополнет со презентација на традиционалната храна, разни културни и музички настани, посета на делегации од збратимените општини итн. Ќе бидат вклучени фолклорните здруженија, други граѓански организации, поединци итн., кои ќе помогнат во збогатување на целата програма за Денови на кочанскиот ориз 2024 година.
За реализацијата на оваа манифестацијата потребни се средства за: ноќевање, репрезентација, договорни услуги-хонорари, набавка на прехранбени продукти, набавка на сувенири, озвучување, снимање, изработка на пропаганден материјал (печатарски услуги) и др. Планиран датум за реализација: 27, 28, 29 септември

При што,
Во точка 1) ОРГАНИЗИРАЊЕ КУЛТУРНИ МАНИФЕСТАЦИИ И ПРОЕКТИ ВО ОБЛАСТА НА КУЛТУРАТА ВО ОРГАНИЗАЦИЈА НА ОПШТИНА КОЧАНИ, износот од 2.140.000 денари се менува и гласи 2.140.500 денари.

Рекапитуларот на Програмата за култура на Општина Кочани за 2024 со бр. 09-2208/1 од 15.12.2023 година:

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Организирање на манифестации и проекти од областа на културата во организација на Општина Кочани | 2.140.000,00 денари |
| 2. | Поддршка на проекти на други институции, граѓански здруженија и поединци кои традиционално реализираат културни содржини од интерес на локалната заедница | 820.000,00 денари |
| 3. | Вкупно планирани средства за мурали, ликововна колонија... | 230.000,00 денари |
| 4. | Вкупно планирани средства за издавачка дејност и печатење на промотивни материјали од интерес на Општината | 340.000,00 денари |
| 5. | Вкупно планирани средства за поддршка на здруженија, организации и поединци кои нудат нови идеи и разновидност во областа на културата; поддршка на други непланирани настани, проекти, манифестации, изведувачи | 470.000,00 денари |
| | Вкупно планирани средства за реализација на Програмата за култура за 2024 година: | **4.000.000,00 денари** |

се менува и гласи:

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Организирање на манифестации и проекти од областа на културата во организација на Општина Кочани | 2.140.500,00 денари |
| 2. | Поддршка на проекти на други институции, граѓански здруженија и поединци кои традиционално реализираат културни содржини од интерес на локалната заедница | 820.000,00 денари |
| 3. | Вкупно планирани средства за мурали, ликововна колонија... | 230.000,00 денари |
| 4. | Вкупно планирани средства за издавачка дејност и печатење на промотивни материјали од интерес на Општината | 340.000,00 денари |
| 5. | Вкупно планирани средства за поддршка на здруженија, организации и поединци кои нудат нови идеи и разновидност во областа на културата; поддршка на други непланирани настани, проекти, манифестации, изведувачи | 470.000,00 денари |
| | Вкупно планирани средства за реализација на Програмата за култура за 2024 година: | **4.500.000,00 денари** |

II.

Програмата за изменување и дополнување на Програмата за култура на Општина Кочани за 2024 година влегува во сила со денот на донесувањето, а ке се објави во „Службен гласник на Општина Кочани“.

Бр.09-1372/1
30.08.2024 година
Кочани

Претседател
на Советот на Општина Кочани
Лазо Митев

---

Врз основа на членот 67 став 6 од Законот за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија“, бр. 23/2013, 12/2014, 44/2014, 144/2014, 10/2015, 25/2015, 150/2015, 192/2015 , 27/2016, 163/2017, 21/2018, 198/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.104/2019, 146/2019, 275/2019, 88/2020, 311/2020, 294/2021, 150/2022 и 236/2022), Советот на Општина Кочани на седницата одржана на 30.08. 2024 година, донесе

ОДЛУКА
за утврдување на работното време на ЈОУДГ „Павлина Велјанова“- Кочани

Член 1

Со оваа Одлука се утврдува работното време на ЈОУДГ „Павлина Велјанова“-Кочани:

- Работно време (во сите пет објекти – клонови),по програма за целодневен престој од 5:45 до 17:00 часот

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кочани“.

Бр.09-1368/1
30.08.2024 година
Кочани

Претседател
на Советот на Општина Кочани
Лазо Митев

---

Врз основа на член 191 став (2) од Законот за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија” бр. 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 104/19, 146/19 , 275/19, 311/20,294/11,150/22 и 236/22), Советот на Општина Кочани на седницата одржана на 30.08. 2024 година, донесе

О Д Л У К А
за утврдување на цените на услугите што ги дава ЈОУДГ „Павлина Велјанова“ Кочани, износот на надоместокот на трошоците за престој во установа за деца што паѓа на товар на родителите и пресметувањето и наплата на надомест за време на отсуство на детето.

Член 1

Со оваа одлука се утврдува месечниот износ на цените на услугите што ги дава ЈОУДГ „Павлина Велјанова“ Кочани и износот на надоместокот на трошоците за престој во ЈОУДГ „Павлина Велјанова“ - Кочани што паѓа на товар на родителите чии деца ги користат услугите во установата за деца и пресметувањето и наплатата на надомест за време на отсуство на детето.

Член 2

Износот на надоместокот на трошоците за престој во ЈОУДГ „Павлина Велјанова“ - Кочани што паѓа на товар на родителите чии деца ги користат нивните услуги се утврдува месечно по дете и тоа:

1. За програма за целодневен престој - за дете до 6 години живот................1.490,00 денари
2. За престој и исхрана на дете над 6 до 10 години возраст..............1.490,00 денари

Од учеството на корисникот на услугата – родителот се обезбедуваат најмалку 65% за прехранбени производи за исхрана на децата, а остатокот од 35% за другите елементи од надоместокот (материјални трошоци) кој сооднос изнесува :
- За програмата за целодневен престој 969,00 денари за прехранбени производи, а 521 денар за материјални трошоци.

Износот на трошокот за престој што ги плаќа родителот – корисник на услугата изнесува 1490,00 денари фиксно без разлика на редовноста на детето во текот на еден месец.

Член 3

По донесување на Одлука од страна на Советот на Општина Кочани, Управниот одбор на ЈОУДГ „Павлина Вељанова“ - Кочани во рок од 30 дена да донесе Правилник со кој поблиску ќе ги утврди мерилата и критериумите за утврдување на надоместок – цена на усугите што паѓа на товар на родителите во ЈОУДГ „Павлина Вељанова“ - Кочани.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кочани“.

Бр.09-1369/1
30.08.2024 година
Кочани

Претседател
на Советот на Општина Кочани
Лазо Митев

---

Врз основа на членот 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), Советот на Општина Кочани на седницата одржана на 30.08.2024 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за усвојување на извештаите за работењето на општинските основни училишта за учебната 2023 - 2024 година

I.

Се усвојуваат извештаите за работењето на општинските основни училишта за учебната 2023 - 2024 година.

II.

Заклучокот влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Кочани“.

Бр.09-1366/1
30.08.2024 година
Кочани

Претседател
на Советот на Општина Кочани
Лазо Митев

---

Врз основа на членот 64 став 5 од Законот за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија", бр. 23/2013, 12/2014, 44/2014, 144/2014, 10/2015, 25/2015, 150/2015, 192/2015 , 27/2016, 163/2017, 21/2018, 198/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.104/2019, 146/2019, 275/2019, 88/2020, 311/2020, 294/2021, 150/2022 и 236/2022), Советот на Општина Кочани на седницата одржана на 30.08. 2024 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за давање согласност за згрижување на поголем број на деца во воспитните групи во ЈОУДГ „Павлина Велјанова"- Кочани

I.

Се дава согласност за згрижување поголем број на деца во воспитните групи во ЈОУДГ „Павлина Велјанова" - Кочани, дадени во табеларен приказ за воспитни групи:

**Објект „Бамби"**

| Воспитни групи | Број на групи | Норматив | Барање согласнос за зголемен број на деца | Разлика |
|---|---|---|---|---|
| Хетерогена до 2 години | 1 | Од 10 до 12 деца | 20 | 8 |
| Хетерогона до 3 год. | 1 | Од 10 до 15 | 20 | 5 |
| Над 2 до 3 години | 1 | Од 12 до 15 деца | 26 | 11 |
| Над 3 до 4 години | 1 | Од 15 до 18 деца | 28 | 10 |
| Над 4 до 5 години | 1 | Од 18 до 20 деца | 30 | 10 |
| Над 5 до 6 години | 1 | Од 20 до 25 деца | 32 | 7 |
| Вкупно | 5 | 105 | 156 | 51 |

**Објект „Ѕвездички“**

| Воспитни групи | Број на групи | Норматив | Барање согласнос за зголемен број на деца | Разлика |
|---|---|---|---|---|
| До 2 години | 2 | Од 10 до 12 деца | 20 | 8 |
| | | Од 10 до 12 деца | 20 | 8 |
| Над 2 до 3 години | 2 | Од 12 до 15 деца | 26 | 11 |
| | | Од 12 до 15 деца | 26 | 11 |
| Над 3 до 4 години | 1 | Од 15 до 18 деца | 28 | 10 |
| Над 4 до 5 години | 2 | Од 18 до 20 деца | 30 | 10 |
| | | Од 18 до 20 деца | 30 | 10 |
| Над 5 до 6 години | 1 | Од 20 до 25 деца | 32 | 7 |
| Вкупно | 8 | 137 | 212 | 75 |

**Објект „Сончогледи“**

| Воспитни групи | Број на групи | Норматив | Барање согласнос за зголемен број на деца | Разлика |
|---|---|---|---|---|
| До 2 години | 2 | Од 10 до 12 деца | 20 | 8 |
| | | Од 10 до 12 деца | 20 | 8 |
| Над 2 до 3 години | 2 | Од 12 до 15 деца | 26 | 11 |
| | | Од 12 до 15 | 26 | 11 |
| Над 3 до 4 Години | 1 | Од 12 до 18 деца | 28 | 10 |
| Над 4 до 5 | 2 | Од 18 до 20 деца | 30 | 10 |
| | | Од 18 до 20 деца | 30 | 10 |
| Над 5 до 6 | 1 | Од 20 до 25 | 32 | 7 |
| Вкупно | 8 | 137 | 212 | 75 |

**Објект „Цветови**

| Воспитни групи | Број на групи | Норматив | Барање согласнос за зголемен број на деца | Разлика |
|---|---|---|---|---|
| До 2 години | 1 | Од 10 до 12 деца | 20 | 8 |
| Над 2 до 3 години | 2 | Од 12 до 15 деца | 26 | 11 |
| | | Од 12 до 15 деца | 26 | 11 |
| Над 3 до 4 години | 1 | Од 15 до 18 деца | 28 | 10 |
| Над 4 до 5 години | 1 | Од 18 до 20 деца | 30 | 10 |
| Над 5 до 6 години | 2 | Од 20 до 25 деца | 32 | 7 |
| | | Од 20 до 25 деца | 32 | 7 |
| Вкупно | 7 | 130 | 194 | 64 |

**Објект „Кокичиња“**

| Воспитни групи | Број на групи | Норматив | Барање согласнос за зголемен број на деца | Разлика |
|---|---|---|---|---|
| Хетероген група од 2 до 4 години | 1 | Од 10 до 20 деца | 20 | |
| Хетерогена група од 4 до 6 години | 1 | Од 10 до 20 деца | 25 | 5 |
| Вкупно | 2 | 40 | 45 | 5 |

II.

Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кочани“.

Бр.09-1367/1
30.08.2024 година
Кочани

Претседател
на Советот на Општина Кочани
Лазо Митев

Врз основа на членот 20-б, став 2 од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Северна Македонија“, бр. 27/2014; 199/2014; 27/2016; 35/2018; 198/2018, 143/2019, 14/2020 И 302/2020), Советот на Општина Кочани на седницата одржана на 30.08.2024 година, донесе

ЗАКЛУЧОК
за давање согласност на Годишниот план за вработување во СОУ „Љупчо Сантов“ – Кочани за 2025 година

I.

Се дава согласност на Годишниот план за вработување во СОУ „Љупчо Сантов“ – Кочани за 2025 година, бр.04-204/1 од 28.06.2024 година.

II.

Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кочани“.

Бр.09-1370/1
30.08.2024 година
Кочани

Претседател
на Советот на Општина Кочани
Лазо Митев

---

Врз основа на членот 53 став 6 од Законот за основно образование („Службен весник на Република Македонија“ бр.161/2019 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 229/2020)и членот 28, став 4 од Законот за средното образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 67/04, 55/05, 113/05, 35/06, 30/07, 49/07, 81/08, 92/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 06/12, 100/12, 24/13,41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16, 127/16, 67/17, 64/18, , и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 161/19, 229/20 и 269/23 ), Советот на Општина Кочани на седницата одржана на 30.08.2024 година, донесе

ЗАКЛУЧОК
за давање согласност за формирање паралелки со помал број ученици во општинските основни и средни училишта од општина Кочани за учебната 2024-2025 година

I

Се усвојуваат барањата на општинските основни и средни училишта за формирање паралелки со помал број на ученици и комбинирање на паралелки и се дава согласност за формирање паралелки со помал број ученици во општинските основни и средни училишта од општина Кочани за учебната 2024-2025 година и

II

Составен дел на овој Заклучок се:

Преглед бр. I – Паралелки со помал број ученици во ОУ „Крсте Петков Мисирков“ с. Оризари – Кочани, за учебната 2024-2025 година

Преглед бр. II – Паралелки со помал број ученици во ОУ „Никола Карев“- Кочани, за учебната 2024-2025 година

Преглед бр. III – Паралелки со помал број ученици во ОУ„Св.Кирил и Методиј“ – Кочани, за учебната 2024-2025 година

Преглед бр. IV – Паралелки со помал број ученици во ОУ „Раде Кратовче“ – Кочани, за учебната 2024-2025 година

Преглед бр.V – Паралелки со помал број ученици во ООУ„Малина Попиванова“ – Кочани, за учебната 2024-2025 година

Преглед бр.VI – Паралелки со помал број ученици ( и комбинирани),во ОМУ „Ристо Јуруков“ – Кочани за учебната 2024-2025 година

Преглед бр.VII – Паралелки со помал број ученици во СОУ „Љупчо Сантов“ – Кочани за учебната 2024-2025 година

Преглед бр.VIII – Паралелки со помал број ученици во СОУ „Гошо Викентиев“– Кочани за учебната 2024-2025 година

**ПРЕГЛЕД БР.1 Вкупен број на ученици и паралелки со помал број на ученици во ООУ „ Крсте Петков Мисирков ‘’ Оризари,Кочани за учебната 2024/2025 година**

| Одд | Паралелка | Број на ученици | Паралелка | Број на ученици | Паралелка | Број на ученици | Паралелка | Број на ученици | Паралелка | Број на ученици |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| I | Ia | 7 | Iб | 6 | | | | | | |
| II | IIa | 10 | IIб | 10 | | | | | | |
| III | IIIa | 14 | IIIб | 12 | | | | | | |
| IV | IVa | 12 | IVб | 12 | | | | | | |
| V | Va | 9 | Vб | 11 | | | | | | |
| VI | VIa | 6 | VIб | 8 | | | | | | |
| VII | VIIa | 8 | VIIб | 8 | | | | | | |
| VIII | VIIIa | 12 | VIIIб | 12 | | | | | | |
| IX | IXa | 10 | IXб | 8 | | | | | | |

**Преглед бр. II на паралелки со помал број на ученици за ООУ„Никола Карев“ - Кочани за учебната 2024/2025 година**

| Централно училиште | | | | | | | | | Подрачни училишта | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Одд | Паралелка | Број на ученици | Паралелка | Број на ученици | Паралелка | Број на ученици | Паралелка | Број на ученици | Паралелка | Број на ученици | Паралелка | Број на ученици |
| I | 1 -1 | 22 | 1-2 | 23 | 1-3 | 22 | | | 1-4 | 2 | 1-5 | 6 |
| II | 2-1 | 25 | 2-2 | 21 | 2-3 | 18 | | | 2-4 | 6 | 2-5 | 1 |
| III | 3-1 | 21 | 3-2 | 20 | / | / | | | 3-3 | 3 | 3-4 | 5 |
| IV | 4-1 | 25 | 4-2 | 20 | / | / | | | 4-3 | 5 | 4-4 | 9 |
| V | 5-1 | 16 | 5-2 | 18 | 5-3 | 11 | | | 5-4 | 6 | 5-5 | 8 |
| VI | 6-1 | 17 | 6-2 | 17 | 6-3 | 16 | | | | | | |
| VII | 7-1 | 14 | 7-2 | 16 | 7-3 | 16 | | | | | | |
| VIII | 8-1 | 10 | 8-2 | 11 | 8-3 | 17 | | | | | | |
| IX | 9-1 | 17 | 9-2 | 10 | 9-3 | 11 | 9-4 | 15 | | | | |

**Преглед бр III на паралелки со помал број на ученици за ООУ„Св.Кирил и Методиј“-Кочани за учебната 2024/2025 година**

| Одд | Паралелка | | Број на ученици | Паралелка | Број на ученици | Паралелка | Број на ученици | Паралелка | Број на ученици | Паралелка | Број на ученици |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| I | | | | | | | | I-5 | 12 | | |
| II | II-1 | | 19 | | | | | | | II-6 | 3 |
| III | | | | | | | | III-5 | 9 | III-6 | 2 |
| IV | IV-1 | | 19 | | | | | | | IV-6 | 3 |
| V | V-1 | | 17 | V-2 | 16 | V-4 | 19 | V-5 | 10 | V-6 | 2 |
| VI | | | | | | VI-4 | 15 | VI-5 | 4 | | |
| VII | | | | | | | | VII-5 | 15 | | |
| VIII | | | | VIII-3 | 18 | VIII-4 | 18 | VIII-5 | 12 | | |
| IX | | | | | | | | IX-5 | 13 | | |

**Преглед бр. IV – Паралелки со помал број ученици во ОУ „Раде Кратовче“ –Кочани, за учебната 2024-2025 година**

| ООУ „Раде Кратовче“ | I - одд. | | II - одд. | | III - одд. | | IV - одд. | | V - одд. | | Вкупно I-V одд. | | VI | | VII - одд. | | VIII - одд | | IX - одд. | | Вкупно VI-IX одд. | | ВКУПНО I-IXодд. | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Општина Кочани** | Учени. | Парал | Учени. | Парал | Учени. | Парал | Учени. | Парал | Учени. | Парал | Учени. | Парал | Учени. | Парал | Учени. | Парал | Учени. | Парал | Учени. | Парал | Учени. | Парал | Учени. | Парал |
| **ООУ„Раде Кратовче“** | 36 | 2 | 37 | 2 | 43 | 2 | 50 | 3 | 56 | 3 | 222 | 12 | 58 | 3 | 49 | 3 | 39 | 3 | 35 | 3 | 181 | 12 | 403 | 24 |
| **ПУ с. Нивичани** | 1 | / | / | / | 1 | 1 | 3 | / | 2 | 1 | 7 | 2 комби-нирани | | | | | | | | | | | 7 | 2 |
| | 37 | 2 | 37 | 2 | 44 | 3 | 53 | 3 | 58 | 4 | 229 | 14 | 58 | 3 | 49 | 3 | 39 | 3 | 35 | 3 | 181 | 12 | 410 | 26 |

**Преглед бр.V – Паралелки со помал број ученици во ООУ„Малина Попиванова“ – Кочани, за учебната 2024-2025 година**

**Преглед на паралелки со помал број на ученици за ООУ„Малина Попиванова“ за учебната 2024/2025 година**

| Одд | Паралелка | Број на ученици | Паралелка | Број на ученици | Паралелка | Број на ученици | Паралелка | Број на ученици | Паралелка | Број на ученици |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| I | **1-2** | 18 | **1-2** | 18 | **1-3** | 20 | | | | |
| II | **2-1** | 26 | **2-2** | 24 | | | | | | |
| III | **3-1** | 20 | **3-2** | 23 | **3-3** | 17 | | | | |
| IV | **4-1** | 19 | **4-2** | 19 | **4-3** | 19 | | | | |
| V | **5-1** | 17 | **5-2** | 14 | **5-3** | 14 | | | | |
| VI | **6-1** | 14 | **6-2** | 14 | **6-3** | 13 | **6-4** | 13 | | |
| VII | **7-1** | 19 | **7-2** | 16 | **7-3** | 18 | | | | |
| VIII | **7-1** | 14 | **8-2** | 12 | **8-3** | 15 | | | | |
| IX | **9-1** | 19 | **9-2** | 17 | **9-3** | 15 | | | | |

**Преглед бр VI на паралелки со помал број на ученици и комбинирани паралелки за ООМУ-„Ристо Јуруков“ Кочани за учебната 2024/2025 година**

| **Паралелки со помал број на ученици** | | | | | | | | **Комбинирани паралелки** | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Одд | Паралелка | Број на ученици | | Одд | Паралелка | Број на ученици | | | Одд | Број на ученици |
| **ДЕВЕТГОДИШНО ОБРАЗОВАНИЕ** | | | | **ШЕСТГОДИШНО ОБРАЗОВАНИЕ** | | | | **ДЕВЕТГОДИШНО ОБРАЗОВАНИЕ** | | |
| I | | | | I | | | | Комб. 1 (со 6 ученика) | VIII | 3 |
| II | | | | II | А | 4 | | | IX | 3 |
| III | Б | 7 | | III | | | | **ШЕСТГОДИШНО ОБРАЗОВАНИЕ** | | |
| IV | | | | IV | | | | Комб. 2 (со 9ученика) | V | 4 |
| V | Б | 7 | | V | | | | | VI | 5 |
| VI | | | | VI | | | | | | |
| VII | Б | 5 | | | | | | | | |
| VIII | | | | | | | | | | |
| IX | | | | | | | | | | |

**Забелешка: Групната настава во основното музичкио образование се изведува во групи од 8 до 15 ученика.**

Преглед бр.VII – Паралелки со помал број ученици во СОУ „Љупчо Сантов“ – Кочани за учебната 2024-2025 година

**Во СОУ „Љупчо Сантов“ - Кочани** во учебната 2024/2025 следните паралелки се со помал број од 25 ученици:

- I 5 паралелка = 14 ученици – гимназиско образование, комбинираност по основ на изборно подрачје – Природно – математичко подрачје;
- I 6 паралелка = 14 ученици – гимназиско образование, комбинираност по основ на изборно подрачје – Јазично - уметничко подрачје;
- I 7 паралелка = 14 ученици – гимназиско образование, комбинираност по основ на изборно подрачје – Општествено - хуманистичко подрачје.

Преглед бр.VIII – Паралелки со помал број ученици во СОУ „Гошо Викентиев“– Кочани за учебната 2024-2025 година

| струка | образовен профил | број на паралелки | број на ученици |
|---|---|---|---|
| | 4 годишно образование | | |
| Сообраќајна | техничар за транспорт и шпедиција | 1 | 21 |
| | 4 годишно образование | | |
| Електротехничка | електротехничар за електроника и телекомуникации (дуална) | 1 | 9+9 |
| | електротехничар ? енергетичар (дуална) | 1 | 12 |
| | електротехничар за компјутерска техника и автоматика | 1 | 23 |
| | 4 годишно образование | | |
| Машинска | машински техничар за моторни возила (дуална) | 1 | 9 |
| | машински техничар/ машинско-енергетски техничар (дуална) | 1 | 11 |
| | техничар за компјутерско управување (дуална) | 1 | 9 |
| | 3 годишно образование | | |
| Машинска/Електротехничка | автомеханичар/автоелектричар /електричар | 1 | 8 |

III

Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кочани“.

Бр.09-1371/1
30.08.2024 година
Кочани

Претседател
на Советот на Општина Кочани
Лазо Митев

# СОДРЖИНА

1.Програма за изменување и дополнување на Програмата за култура на Општина Кочани за 2024 година, Бр.09-1372/1
Стр.2

2.Одлука за утврдување на работното време на ЈОУДГ „Павлина Велјанова“- Кочани, Бр.09-1368/1
Стр.4

3. Одлука за утврдување на цените на услугите што ги дава ЈОУДГ „Павлина Велјанова“ Кочани, износот на надоместокот на трошоците за престој во установа за деца што паѓа на товар на родителите и пресметувањето и наплата на надомест за време на отсуство на детето, Бр.09-1369/1
Стр.4

4.Заклучок за усвојување на извештаите за работењето на општинските основни училишта за учебната 2023 - 2024 година, Бр.09-1366/1
Стр.5

5.Заклучок за давање согласност за згрижување на поголем број на деца во воспитните групи во ЈОУДГ „Павлина Велјанова“- Кочани, Бр.09-1367/1
Стр.6

6.Заклучок за давање согласност на Годишниот план за вработување во СОУ „Љупчо Сантов“ – Кочани за 2025 година, Бр.09-1370/1
Стр.9

7.Заклучок за давање согласност за формирање паралелки со помал број ученици во општинските основни и средни училишта од општина Кочани за учебната 2024-2025 година, Бр.09-1371/1
Стр.9